Врз основа на Одлуката за организирање на Регионалното здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици Битола во Регионална занаетчиска комора Битола донесена на ден 26.10.2004 г. од страна на Собранието на комората во согласност со член 37 и 58 ( Сл. Весник на РМ бр. 62/2004г.) и Законот за Стопанските комори  Собранието на Регионалата занаетчиска комора со седиште во Битола на својата седница одржана на ден 26.10.2004 година го донесе следниот

# СТАТУТ

## НА РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ЧЛЕН 1

Со овој Статут се уредуваат: Името на комората,седиштето на комората,печатот и штембилот.Членувањето во комората,составот,начинот на избор,права и обврски на органите на управување ,актите на комората,средствата и фондовите на комората,организациона поставеност,вршење на јавните овластувања на комората,како и други одредби од работењето на комората.

### ЧЛЕН 2

Комората делува на подрачјето на регионот на Општина Битола и општините Ресен и Демир Хисар,заради:
-развој и унапредување на занаетчиството
-Унапредување на стручните и деловните обичаи и норми:
-подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги
-усогласување и застапување на занаетчиските интереси
-остварување на законитоста во вршењето на стопанска дејност
-промоција на занаетчиството во земјата како и заштита и унапредување на дефицитарните занаетчиски дејности и старите занаети
-соработка на занаетчии и други самостојни стопанственици со слични облици на здружување во земјата и странство
-организирање на облици на стручно образование,преквалификација и доквалификација на занаетчиите и други лица.
-заштита,спроведување и унапредување на деловните обичаи
-спречување на нелојална конкуренција,
-организирање на настапи на саеми-панаѓури на занаетчиството и слични стопански манифестации во земјата и странство
-организирано и координирано користење на финансиска помош од домашни и странски извори наменети за развој и унапредување на стопанството и занаетчиството и
-други работи од интерес за развој и унапредување на занаетчиството и стопанството согласно со постоечките позитивни законски прописи.

ЧЛЕН 3

Името на комората гласи :

РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРОА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА

( во понатамошниот текст-комора).
Скратен назив на Комората е РЗКБ-Битола

ЧЛЕН 4

Комората е непрофитабилна,независна и самостојна организација со својство на правно лице. Својство на правно лице комората го стекнува со денот на уписот во судскиот регистар при Основниот суд во Битола.

ЧЛЕН 5

Седиштето на Комората е во Битола,ул Панда Чеснова бр. 4.

ЧЛЕН 6

Комората има свој печат и штембил

ЧЛЕН 7

Комората за своите обврски одговара со целокупниот свој имот.

ЧЛЕН 8

Комората ја претставува Претседателот на комората Правата и обврските на Председателот на комората се уредуваат во согласност со законот и одредбите на овој статут.

ЧЛЕН 9

Во комората членуваат сите правни и физички лица што занаетчиска -стопанска дејност во согласност со Законот за вршење на занаетчиска дејност,утврдената листа за занаетчиски дејности и согласно член 2 на овој статут

Членството во комората е задолжително.

Занаетчијата станува член на комората веднаш со денот на уписот на дејноста во Регистарот на занаетчии што го води комората.

Членови на комората можат да бидат и други правни и физички лица,кои со своите активности придонесуваат за унапредувањето на претприемништвото и развојот на занаетчиството.
Комората може да се зачлени во други меѓународни комори од сличен тип и надлежности.
Комората соработува со органи и други институции на Република Македонија
За остварување на други прашања од заеднички интерес на комората можат меѓусебно да се здружуваат и други комори,здруженија,асоцијации,владини и невладини организации,банки (домашни и странски) и други заинтересирани субјекти за здружување во вид на сојуз или друг облик на поврзување или здружување

ЧЛЕН 10

Работата на Комората и нејзините органи е јавна.
Работата на Коората е самостојна и независна,а активностите на комората не можат да бидат насочени кон:
-поттикнување или повикување на воена агресија
-поттикнување или повикување на воена агресија
-на национална,расна и верска омраза или нетрпеливост
-комората не може да се занимава со политичка активност или да го користи својот имот и средства за остварување цели на политички партии.

# ОСНОВНИ ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 11

Своите основни и други задачи комората ги уредува и извршува во согласност со уставот,законите,меѓународните договори ратификувани во согласност со закон,подзаконски прописи,одредбите на овој Статут и други акти на комората.

ЧЛЕН 12

Задачите што ги врши комората преку својата стручна служба се од јавен,самостоен,независен,општ интерес.

ЧЛЕН 13

Комората врши јавни овласувања утврдени со закон,
Јавни овластувања што ги врши комората се:
-Издавање на решенија за вршење на занаетчиска дејност,
-издавање на сертификати за положен стручен испит за стручна оспособеност.
-Издавање на сертификати за положен мајсторски испит за стекнување со титула *“ Мајстор “*
-Формирање на центри за обука,преквалификација и доквалификација на занаетчии и на други лица.
-Врши и други јавни овластувања во согласност со закон
За вршењето на јавните овластувања,комората поднесува годишен извештај до надлежнотоминистерсво од соодветната област.
Комората ги претставува вршителите на стопанска-занаетчиска дејност и другите стопански субјекти - членки на комората пред ограните на власта во републиката и во локалните самоуправни единици како и надвор од државата со цел :
-рамномерен развој и унапредување на стопанството-занаетчиството во РМакедонија,особено на старите и дефицитарни занаети;

-за промоција во земјата и во странство за можностите и спецификациите на стопанството-занаетчиството во Р.Македонија,особено на старите и дефицитарни занаети
-за промоција во земјата и во странство за можностите и спецификациите на стопанството-занаетчиството во Македонија
-организирање на облиците на стручно образование,преквалификација и доквалификација на вршителите на занаетчиската дејност
-за заштита,спроведување и унапредување на добрите деловни обичаи
-спречување на нелојалните конкуренции меѓу вршителите на стопанската-занаетчиска дејност
-за равивање и одржување на единствен информативен систем кој ќе дава деловни и други информации потребни за стопанството-занаетчиството и
-за други прашања во согласност со закон

ЧЛЕН 14

Комората води регистар на занаетчии и регистар за издавање на сертификати за положен испит за стекнување титула “ Мајстор “ и стручна оспособеност.
Комората води евиденција за упис на дејност,времен престанок,престанок и други промени во текот на работењето.
Комората има свои уписници и други деловни книги.

# П1.ОРГАНИ НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 15

Органи на комората се :
1.Собрание
2.Управен одбор
3.Надзорен одбор
4.Претседател,

1.Собрание на комората

ЧЛЕН 16

Собранието на комората е орган на управување на комората.
Собранието на комората го сочинуваат 15 члена,делегирани од страна на повеќе регистрирани вршители на стопанската-занаетчиска дејност,кои редовно го плаќаат коморскиот придонес.

Членовите на собранието ги избира Собранието со застепеност од сите видови на занимања.

Собранието ги врши работни занимања.
Собранието ги врши работни задачи:
1.Собранието ги врши следниве работни задачи:
2.Донесува Статут,негови измени и дополнувања и други акти,,
3.Избира членови на управниот одбор
4.Избира надзорен одбор и комисии
б.Одлучува за висината на коморскиот придонес и начинот на плаќањето,
6.Усвојува завршна сметка за изминатата година,усвојува програма за работа на комората со пресметка за тековната година

7.Разгледува и усвојува извештај за севкупната активност и работа на комората со пресметка за тековната година
8.Разгледува предлози и препораки за успешно работење на комората
9.Донесува програма за проверка на стручната оспособеност и полагањето на мајсторски испити
10.Ги верификува мандатите на членови на Собранието и управниот одбор
11.Одлучува за соработка со слични комори во земјата и во странство
12.Избира Претседател на Управниот Одбор и Претседатек на комората,
13.Донесува Деловник за работа на собранието
14.Донесува одлука за набавка,распоредување и распродажба на имотот на комората,
15.Усвојува Извештај на надзорниот одбор
16.Врши и други работи врз основа на Закон и други подзаконски акти кои спаѓаат во делокругот на вршењето на работа на обезбедување на подобри услови за вршење на занаетчиска и друга стопанска дејност

ЧЛЕН 17

Собранието на комората се одржува редовно еднаш годишно.
По потреба Собранието може да се одржува и повеќе пати во годината ( вондредни седници ).
Вондредна седница се свикува по иницијатива на претседател на комората или на писмено барање од најмалку Една половина од вкупниот број на членови на Комората.

ЧЛЕН 18

Со собранието раководи претседавачот на собранието а во случај на негова спреченост,седницата ја води Претседателот на управниот одбор.

ЧЛЕН 19

Претседавачот на Собранието се избира од редовите на членовите на Собранието со едногодишен мандате.
Мандатот на членовите на Собранието се одлучува со јавно гласање,а по исклучок со тајно,доколку за тоа се изјаснат 2/3 од присатните членови

## 2.УПРАВЕН ОДБОР

ЧЛЕН 20

Управниот одбор е орган на управување на комората
Управниот одбор заедно со Претседателот брои 7 члена
Претседателот на Управниот одбор е претседател на комората
Седниците на управниот одбор ги свикува Претседателот на комората
Седниците на управниот одбор се јавни
Управниот одбор полноважно може да одлучува ако на седницата присаствуваат повеќе од половина од членовите на истиот,
Управниот одбор ги има следниве права и обврски:
-Ги подготвува седниците на Собранието и извршува одлуките на Собранието на комората
-Ги утврдува нацрт статутот и другите акти на комората,
-Ја утврдува годишната пресметка дава предлог на пресметка за наредната година,
-Ја контролира уплатата на коморскиот придонес и превзема соодветни мерки против оние лица кои не го подмириле долгот во определен рок,

-Подготвува годишна програма за стручни советувања,семинари и предавања,за купување и продажба на основни средства,за патувања во странство,за начинот на користење на средствата на фондот на комората по приговорите и жалбите на вработените лица,
-Се грижИ за обезбедување на законитоста и правната примена на прописите
-Превзема мерки за заштитан а комората,донесува програма за заштита на комората,донесува програма за работа за тековната година во согласност со програмата на Собранието на комората и др. прашања

ЧЛЕН 21

Управниот одбор,ако управува во спротивност на законските прописи,статутот и другите акти на комората,или причини штета на комората или нејзин член како и доколку работи неефикасно,собранието може да го разреши целиот управен одбор или негов член и пред истекот на мандатот и тоа :
1.Ако управува и работи спротивно на законските прописи,статутот и другите акти на комората;
2.Ако причини штета на комората или нејзин член
3.Ако не ги врш И своите должности или не ги врши одговорно или ги врши неблаговремено;
4.Управниот одбор не подготви и не го донесе извештајот до собранието на комората
5.Ако член на управниот одбор одсуствува два пати неоправдано од седница на управниот одбор
6.Ако на член на управниот одбор му е изречена дисциплинска мерка
7.Ако член на управниот одборсо правосилна одлука е осуден за сторено кривично дело.

ЧЛЕН 22

Со седниците на управниот одбор раководи претседателот на комората.Седниците на управниот одбор се одржуваат редовно два пати годишно.
Управниот одбор може да одржува седници и по потреба ( вонредни седници ).

ЧЛЕН 23

На седниците на управниот одбор се одлучува со јавно гласање,а по исклучок и со тајно,доколку за тоа се изјаснат најмалку пет члена од членовите на управниот одбор.

# 3.НАДЗОРЕН ОДБОР

ЧЛЕН 24

**Надзорниот одбор на комората го сочинуваат тројца членови што ги избира собранието од редот на своите членови.Од редот на избраните членови,собранието именува Претседател на надзорниот одбор.**

ЧЛЕН 25

Надзорниот орган ја следи примената на одредбите на овој статут и другите општи акти на комората од страна на органите и стручната служба на комората.

ЧЛЕН 26

Надзорниот одбор го проверува материјалното и финансиското работење на комората како и начинот на користење на средствата на комората.

ЧЛЕН 27

Сите органи и тела се должни да му обезбедат услови за работа на надзорниот одбор во врска со вршењето на надзор.

ЧЛЕН 28

Надзорниот одбор поднесува до собранието на комората писмен извештај за својата работа особено за примената на статутот и другите општи акти на комората,како и за материјалното и финансиското работење на комората,најмалку еднаш годишно при усвојување на извештаите и програмите за работа во претходната година и завршната сметка на комората.

ЧЛЕН 29

Седниците на надзорниот орган ги свикува и раководи претседателот на надзорниот одбор.Одборот работи во полн состав,а за време на седниците се води записник кој на крајот го потпишуваат сите членови на одборот.

ЧЛЕН 30

Надзорниот одбор покрај наведените работи во овој статут,може да врши и други работи што ќе му ги довери собранието на комората.

# 4.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 31

Претседателот на комората ги има следните права и обврски:
-ја претставува и застапува комората;
-ги закажува седниците на собранието и управниот одбор;
-го потпиешува статутот и други општи акти на комората и се грижи за нивно извршување;
-ги спроведува одлуките произлезени од управниот одбор и другите комисии;
-ги потпишува записниците на собранието и на управниот одбор;
-се грижи за развојот на занаетчиството и другите стопанственици - членови на комората - и ги штити нивните интереси;
-води политика за решавање на проблем во однос на развојот на стопанството-занаетчиството пред органите на локалната самоуправа и регионот и другите органи на републиката;
-врши и други работи што му се ставени во надлежноста со закон подзаконски акти со овој статут и други општи акти на комората.

ЧЛЕН 32

Мандатот на претседателот на комората трае 4 години со можност за повторен избор.

ЧЛЕН 33

Претседателот на комората може да биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот и спротивно на неговата волја доколку:
-не работи во согласност со законските прописи
-не ги почитува одредбите на овој статут,одлуките на органите на комората и истите не ги спроведува или не навреме ги спроведува;

-доколку како претседател причини материјална штета на комората;
-доколку биде осуден на кривично дело со умисла по правосилност на решението за пресуда

Иницијатива за сменување на претседател на комората може да покренат најмалку една половина од членовите зачленети во комората.

ЧЛЕН 34

Управниот одбор по предлог на Претседателот може да формира други комисии и работни тела ( постојани или повремени ) во зависност од потребите на комората.
Управниот одбор ги регулира правата и надлежностите на комисиите и работните тела и нивните овластувања.

# ИЗБОР И ОТПОВИКУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 35

Органите на комората ги избира и отповикува Собранието на комората.
Мандатот на членовите на органите на комората трае 4 ( четири ) години со можност за повторен избор.

ЧЛЕН 36

Изборот на Претседателот,член на управниот одбор,надзорниот одбор,комисиите и работните тела се врш и  со јавно гласање.

ЧЛЕН 37

Сите лица што имаат уредни документи(платен членарина за  тековната година) од надлежен орган за вршење на занаетчиска или друга стопанска дејност запишана во регистарот за вршење на дејноста,имаат право да предлагаат и да бидат предлагани за избор во органите на комората.
Гласањето за избор на делегатите од претходниот став на овој член се врши врз основа на утврдена предлог листа во целост или поединечно за секој делегат.

ЧЛЕН 38

Изборот на кандидатите во органите на комората и претседателот на комората се врши со јавно гласање.
За избрани кандидати на органите и претседател на комората се сметаат ониеза кои ќе се изјасни мнозинството од присутните на собранието.

# УСТАВНОСТ НА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 39

Работата на органите на комората е јавна.Јавноста  на работата на органитена комората се остварува со присуство на членовите на комората,со изготвување на записници од седници и извештаи од работењето.

# ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 40

Акти на комората се : Статут,Правилници  за систематизација на работи и работни задачи,за дисциплинска одговорност,правилник за распределба на средствата од фондот,правилник за награди и признанија.

ЧЛЕН 41

Статутот на комората го донесува собранието на комората а останатите општи и посебни акти ги донесува управниот одбор.
Согласно претходниот став на овој член се вршат и измените и дополнувањата како на Статутот така и на другите општи и посебни акти.

ЧЛЕН 42

Иницијатива за измени и дополнувања на актите на комората може да дадат најмалку 2/3 од членовите на собранието на комората.

ЧЛЕН 43

Комората ги води следните деловни книги и именици: -
-регистар за издадени сертификати за стручно образование,преквалификации,доквалификации на вршители на стопанска-занаетчиска дејност и положен мајсторски испит
-Книга за изречени дисциплински мерки
-Персонално досие на лицата за издадени  уверенија.

# СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

ЧЛЕН 44

Стручните,административно-техничките,помошните и другите работи за потребите на комората ги врши стручната службан а комората.
Актите за организацијата,систематизација,и делокругот на работата на стручната служба ги донесува управниот одбор во согласност со законот и овој статут.
Делокругот на работите,работните задачи,бројот на вработените и  условите за работа,платите и обврските од работниот однос се утврдуваат во согласност со законските прописи и потребите на комората утврдени со посебен правилник што го донесува управниот одбор.

# X-СРЕДСТВА И ФОНДОВИ НА КО МОРАТА

ЧЛЕН 45

Средствата за работа на комората се обезбедуваат од :
1.коморски придонес - задолжителен;
2приходи од имот;
3.надоместок за извршени услуги по основ на вршење на јавни и други овласувања
4.донации и други извори во согласност со закон;
Коморскиот придонес од став 1 точка на овој член согласно член 33 од Уставот на Р.Македонија е јавна давачка.

ЧЛЕН 46

Собранието ја определува висината на коморскиот придонес,начинот и рокот на плаќање.
Коморскиот придонесе уплатува на жиро сметката за редовна дејност на комората секој месец при уплата на редовните придонеси за исплата на плати.
Владата на Р.Македонија дава согласност на висината на надоместокот за извршени услуги за вршење јавни овластувања а ја потврдува собранието на комората.
Собранието на комората може да дозволи ослободување од плаќање на коморскиот придонес при одредени услови и критериуми утврдени со посебна одлука на собранието.

# СУД НА ЧЕСТА

ЧЛЕН 47

Комората формира суд на честа.
Надлежноста,составот,организацијата,финансирањето,начинот на избор како и разрешувањето на членовите на судот на честа се утврдуваат со акт на комората.
Судот на честа се грижи за развивање,остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи,за иеизвршување на обврските на членовите на комората,како и за други повреди на актите на комората за чии повреди може да се изречат мерки согласно со статутот на комората.

ЧЛЕН 48

За состојбата на средствата на комората се составува завршна сметка.Завршната сметка ја донесува управниот одбор а ја усвојува собранието на комората.

ЧЛЕН 49

Комората може да остварува приходи од вршење на дејност и преку други форми,со основање на фирми во согласност со закон.
Основањето на фирми со утврдува со Одлука на управниот одбор на комората.

# ПОПИС И КНИГОВОДСТВО

ЧЛЕН 50

Попис на основните средства и имот се врши во согласност со законските одредби од правилникот донесен од страна на управниот одбор.Пописот го врши комисија формирана од страна на управниот одбор на комората.

ЧЛЕН 51

Пописот започнува и завршува по истекот на календарската година.
Комисијата работи во полн состав и истата брои 3 (три ) члена.Сите пописни листи ги потпишуваат сите членови на комисијата.Материјалите од пописите се предаваат на стручната службан а комората.

ЧЛЕН 52

Книговодството на комората ја организира и ја води одговорниот книговодител.Одговорниот книговодител е лице - дипломиран економист со положен испит за овластен книговодител и со потребно работно искуство во струката.

## XII-СВЕЧЕНИ ПРИЗНАНИЈА

ЧЛЕН 53

Свечени признанија се доделуваат со одлука на извршниот одбор на комората.

ЧЛЕН 54

Свечени признанија на комората се :
-Почесен член
-Медал
-Плакета
-Благодарница

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

ЧЛЕН 55

Сите акти на комората мора да бидат во согласност со овој статут.

ЧЛЕН 56

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето на одлуката на собранието за негово прифаќање од кога истиот почнува и да се применува.
Со влегувањето во сила на овој статут престануваат примената на одредбите од статутот на Регионалното Здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици со седиште во Битола.

Дел.Број_________________ Претседател

ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА,и тоа судијата Иван Стојановиќ како судија поединец,решавајќи по пријавата на предлагачот Регионално здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола за запишување на организирање на предлагачот во регионална занаетчиска комора во Битола-усогласување на нејзиното работење со Законот за вршење на занаетчиска дејност и упис на комората во регистарот на комори денес на ден 23/11/2004 година донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**

Во регистарот на Стопански комори СЕ ЗАПИШУВА организирање на регионално здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола во регионална занаетчиска комора со назив : РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА БИТОЛА- усогласување на работењето со Законот за вршење на занаетчиска дејност.

Седиштето на Регионална занаетчиска комора се наоѓа во Битола на ул.Панда Чеснова бр.4 , со подрачје на дејствување за општините Битола,Ресен и Демир Хисар.
Цели и задачи на комората се развој и унапредување на занаетчиството,стручно образование,преквалификација,преквалификација и доквалификација на занаетчиите,унапредување на деловните обичаи,вршење на јавни овластувања во врска со издавање сертификати за положен стручен испитт,формирање на центри за обука на занаетчиите како и водење на регистар на занаетчии.
Овластен застапник на комората е Кочовски Ѓорѓи - Претседател.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот Регионално здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола на ден 29/10/2004 поднесе пријава до овој суд со барање за запишување на предлагачот односно негово организирање како регионална занаетчиска комора,упис на комората во регистарот на комори а заради усогласување на работењето со Законот за вршење на занаетчиска дејност.
Во прилог кон пријавата предлагачот достави записник од Собранието на регионалното здружение на занаетчии бр.21 од 26.10.2004 година на кои е усвоен Статутот а заради негово усогласување со чл.58 од Законот за вршење занаетчиска дејност,Статут,одлука за усогласување на работењето на предлагачот со негово организирање во регионална занаетчиска комора од 26.10.2004 година и Одлука за именување на овластен застапник на регионалната занаетчиска комора од 26.10.2004 година.
Ценејќи ги предложените исправи судот отцени дека се исполнети сите услови за упис на предлагачот како регионална занаетчиска комора во односниот регистар при овој суд заради што согласно чл.43 и 58 од Законот за вршење на занаетчиската дејност а в.в. со чл. 22 од Законот за Стопанските комори донесе решение како во изреката.

Судија
Иван Стојановиќ с.р.

**ПОУКА :** Рок за жалба 15 дена по приемот преку овој суд до Апелациониот суд Битола
**ДНА :** На предлагачот

Врз основа на член 58 од Законот за вршење на занаетчиска дејност ( Сл.весник на РМ бр. 62/2004) Собранието на Регионалното здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици со седиште во Битола на својата седница одржана на ден 26.10.2004 ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За усогласување на Регионалното здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола согласно Законот за вршење за занаетчиска дејност

ЧЛЕН 1

Врз основа на член 37 и 58 од Законот за Вршење на занаетчиска дејност ( Сл.весник на РМ.бр. 62/2004),Регионалното здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици со седиште во Битола го усогласува во целост своето работењево согласност со одредбите на споменатион закон на начин што се организира во РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА со седиште во Битола,со што во целост ги превзема обрските,должностите и одговорностите од одредбитена Законот за вршење на занаетчиска дејност.

ЧЛЕН 2

Во согласност со член 1 од Оваа одл ука да се изврши и усогласување на одредбите од Статутот со Законот за вршење на занаетчиска дејност и истото да биде запишано во регистарот при Основен суд Битола.

ЧЛЕН 3

Оваа одлука влегува во сила веднаш со донесувањето. Во Битола.

Претседател на комората

Врз основа на член 58 од Законот за вршење на занаетчиска дејност ( Сл.весник на РМ број 62/2004 и Одлуката за усогласувањето на работењето и организирањето на Регионалното Здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици со седиште во Битола ВО Регионална занаетчиска комора со седиште во Битола,Собранието на Регионалното здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола,на ден 26.10.2004 ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За усогласување на статут на Регионално здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола во согласност со одредбите од Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл.весник на РМ 62/2004)

ЧЛЕН 1

Се усвојува усогласувањето на Статутот на Регионалното здружение на занаетчиите и други самостојни стопанственици со седиште во Битола со одредбите од Законот за вршење на занаетчиска дејност ( С.весник бр. 62/2004 )

ЧЛЕН 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш со денот на донесувањето.

Претседател на комората

Собранието на Регионалното здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици на ден 26.10.2004 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За лице овластено за застапување на Регионалната занаетчиска комора со седиште во Битола и понатаму ќе ја извршува функцијата досегашниот Претседател на Регионалното здружение на занаетчии Кочовски Ѓорѓи од Битола.
Претседателот Кочовски Ѓорѓи е овластен да поднесе Пријава и сите други документи пред Основниот суд во Битола заради организирање на Регионалното здружение на занаетчии и други самостојни стопанственици во Регионална занаетчиска комора со седиште во Битола

Претседател на собрание

Миле Бошевски